„*Споделено знаење*“ и светската ***Фондација Викимедија***. Материјалите ќе се користат претежно за пишување и уредување статии на македонската Википедија и нема да се изнесуваат освен со дозвола на Архивот. Предвидено е членот да има редовно присуство во Архивот и да соработува со референтните работници за изнаоѓање на литература за потребите на уредувањето на Википедија на македонски јазик, која потоа би се отсликувала за споменатите потреби.

- Споделување на пристап до литературата во Архивот, со Матичниот википедијанец, член на „*Споделено знаење*“ кој ќе биде ангажиран од страна на здружението (гореспоменатиот), за цели кои не се опфатени со проектите на „*Споделено знаење*“ и светската ***Фондација Викимедија***, односно за општите и поединечни потреби на уредништвото на ***Википедија на македонски јазик*** во редовната (вонпроектна) уредничка работа. Материјалите ќе се користат претежно за пишување статии на македонската Википедија и нема да се изнесуваат освен со дозвола на Архивот. Секое пресликување на истите ќе се изврши на трошок на „Споделено знаење“.

- Други активности неспомнати погоре за кои двете потписнички страни ќе искажат интерес за соработка.

Заедничките активности и проекти ќе се реализираат на иницијатива и покана на една од страните потписнички на меморандумот.

Овој меморандум не ги ограничува или строго утврдува начинот и видовите на соработка, туку ја насочува сферата на заеднички интерес која е во согласност со нивната мисија и визија.

**Скопје, 15. 06. 2015 година**

| | |
|---|---|
| **потпис и печат** | **потпис и печат** |
| **Кирил Симеоновски** | **д-р Филип Петровски** |
| Претседател на „Споделено знаење“ | Директор на Архивот на РМ |